Сето ова имплицира висок ризикот од појава на сериозни заразни заболувања кои ги пренесуваат овие вектори, и изготвување на ***програма и оперативен план за контрола и уништување на комарците на територијата на Општина Новаци*** како единствена превентивна и противепидемиска мерка за заШтита на населението од појава и ширење на вектор-преносливи заболувања.

Програмата за контрола на комарците изработена е:

- По методологија на **WHO**, Светската Здравствена Организација;
- По уважување на препораките на **FAO**, Организација за храна и земјоделие и
- Согласно принципите на **HACCP** стандардите

Со програмот за контрола на комарците се обезбедува:

- Елиминација на инфестацијата -- ефикасно сузбивање на комарците
- Безбедност за луѓето и животните; безбедност за нецелните видови(пчели и други корисни инсекти);
- Висока еколошка одговорност на заедницата.

Целта на програмата за контрола на комарците е:

- Заштита на луѓето и животните од заразни болестите чии вектори се комарците.

- Создавање на пријатна и еколошки чиста животна средина.

Програмата ги содржи следните активности:

1. Утврдување на состојбата и процена на ризикот:

- **Утврдување на состојбата и ризиците:**
  - ***Поволните климатско биолошки фактори и благата и топла зима*** во изминатава година исклучително погодуваа за развојот на инсектите ме"у кои и комарците, овозможувајки биолошки оптимум во развојниот циклус.
  - ***Општина Новаци како дел од Пелагонискиот басен кој бил ендемско подрачје за развиток на маларијата*** во првата половина на минатиот век, е од посебено Епидемиолошко значење.
  - Со брзиот развој на транспортот, сообраќајот и комуникацијата на луѓе и стоки во регионот, се потенцира можниот ризик од нови, некарактеристични ***и нови видови на комарци во регионот (Aedes Albopictus*** - Тигрест комарец), причинители на повеке заразни болести со смртен исход а веќе присутни во соседните земји,
  - Појава на **West Nill virusot** предизвикувач на треската на западен Нил и енцефалитис со висока смртност насекаде во регионот и во Македонија, како и првиот смртен случај од оваа болест во Општина Битола во 2012 год.

- **Идентификација на видовите, однесувањето и процена на бројноста на комарците;**
  Со снимањето на теренот и утврдувањето на состојбите во изминативе години во време на најголемата активност на комарците и тоа: наутро - на жариштата; навечер - на локалитетите, утврдено е присуство на комарците од видот Anopheles и Aedes во регионот и Општината.
- **Идентификација на потенцијални локации:**
  По извршените увиди и снимање на теренот на Општината се регистрираа и идентификуваа сите постоечки локации и објекти кои ќе бидат опфатени со Програмата и планот за контрола на комарците на поширокаата територија на Општина Новаци.
- **Процена на ризик - степен на приоритет:**
  За секоја од регистрираните локации се утврдија карактеристиките и спецификите во смисла:
  - потенцијално жариште кое влијае на населението;
  - потенцијален локалитет со зголемена фреквенција на луѓе и животни.

2. Детерминирање на критичните контролни места:

- **Утврдување на локации за изведување на третманот - живеалишта на комарците:**
  Поделба на територијата на Општина Новаци на неколку сектори според еколошките услови, присуството на луѓето и сл;
  - урбани населени места и локалитети со зелениот појас кои го опфаќаат:

Потег: Новаци, Рибарци, Гнеотино, Брод, Добровени, Скочивир, Живојно, Гермијан и Бач
Потег: Новаци, Добромири, Горно Агларци, Долно Агларци и Далбеговци

- течение и зелен појас на Река Црна со теченијата на помалите притоки:
  Јелешка река,
  Река Коњарка,
  Река Белица,
  Градишка река
- Канални системи со поширокиот зелен појас кој го опфаќаат:
  Старото корито на Река Црна,
  10-ти канал,
  Канал Гнеотино-Агларци,
  Добрушевски канал и
  Канал Суводолка.
- стоечки води на вештачкото езеро за потребите на РЕК Битола;

Во секој поединечен сектор се изврши идентификација и тоа на:

- ***жаришта***: места за размножување на комарците;
- ***локалитети***: места на кои комарците летаат во потрага по храна;
- ***бариер-зони***: заштитни области околу жариштата и населените места.

- **Планирање на третманот:**
  Имајќи ја во предвид територијалната и рељефна поставеност и карактеристиките на теренот (вегетација, урбани населби, водотоци и сл), предвидено е изведување на теристичко третирање на теренот во смисол на:
  А/ Ларвициден третман и
  Б/ Адултициден третман

- **Планирање на распоред и динамика на третман:**
  - ***распоред на третирања***: се прикажува на картата на програмот, а за поединечни сектори на оперативните карти со точно дефинирани фази на напад и фази на одржување. Во распоредот за третирање се одредува и точното време на третирањето и тоа во време кога комарците се најактивни.
  - ***Динамика на третманот:***. На територијата на Општина Новаци, некогашно ендемско подрачје за развој на маларијата, каде постојат услови за развој и одржување на популацијата на комарецот планирано е изведување на ***три третмани за контрола на комарците во месеците Јуни - Јули - Август***, со интервали помеѓу третирањата од 25-30 дена.
  - Точниот број на третманите го предвидовме врз основа на утврдената состојба и редовното пратење на бројноста на комарците и климатско-метеоролошките услови во изминатава сезона.

- **Плана за работа на екипите за изведување на третманот;**
  Список и распоредот на екипите го утврдува изведувачот.

- **Известување:**
  - презентација за медиумите и Локалната самоуправа од страна на стручниот тим на ЦЈЗ-Битола кој ќе ја спроведува дезинсекцијата, на која ке бидат запознати со начинот, постапката и апаратурата за изведување на акцијата:
  - Пред секој третман ќе се изврши известување, информирање на јавноста по писмен пат, преку електронските медиуми или во директен контакт со следниве надлежни органи: полиција, противпожарна служба, здравствен центар, здружение на пчелари и итн, за точниот термин на акцијата, видот на препаратот, начинот на изведување на третманот.
- **Анкетирање и известување на граѓаните:**
  - Известување и информирање на граѓаните преку локалните средства за информирање.
  - Анкетирање на дел од гра"аните во врска со резултатите од акцијата

3. Мониторинг за изведување на Програмата:

- **Пратење на однесувањето на комарците;**
- **Пратење на бројноста на комарците;**
- **Пратење на промената на локациите;**
- **Пратење на микро-метеоролошките услови:**
  - температура и влажност;
  - брзина и правец на ветарот;
  - стабилност на воздухот;
  - карактер на топлотната инверзија.
- **Надзор и контрола на изведувањето:**
  Го вршат претставници на нарачателот на услугите и стручен тим на изведувачот.

4. Утврдување на постапките за изведување:

- **Избор на инсектицид:**
  А/ **Ларвициден третман**: Ларвициден препарат со адекватна активна супстанца, уредно регистриран за употреба.

  Б/ **Адултициден третман**: Инсектицид со адекватна активна супстанца, уредно регистриран за уптреба во нашава држава;

- **Избор на начинот на третирањето:**
  Ларвицидно мануелно или машинско третирање на жариштата;
  Адултицидно просторно теристичко распрскување, ***со УЛВ-ладно замаглување со апаратура за таа намена поставена на пикап возила и уреди за рачно распрскување од земја во тешко пристапни регии***. Врз основа на утврдената состојба на територијата на Општина Новаци планирани се следниве начини на изведување:

  А. **Просторно теристичко распрскување на жариштата:** сите активни и потенцијални жаришта, односно стални и повремени:
  Ларвицидно мануелно третирање: 2НА
  УЛВ и ладно замаглување.
  Површина за третирање: 100 НА

B. **Просторно теристичко распрскување на локалитетите со густа вегетација, локалитети во урбани средини, густо населени подрачја и локалитети со зголемен број на луѓе и животни.**
Површина за третирање 50 НА
УЛВ- третман и термално замаглување.

C. **Просторно теристичко распрскување на "бариер зоните" околу населените места:**
Површина за третирање: 50 НА
УЛВ- третман и термално замаглување.

- **Вкупна површина предвидена за третирање:**
<u>Ларвициден третман: 2 НА;(едно третирање)</u>
<u>Адултициден теристички третман: 600 НА (три третирања 3x200НА).</u>

- **Оценка на квалитетот на просторното распрскување:**
Ќе се врши мерење на следниве параметрите во текот на непосредното изведување:
  - ***Микро-метеоролошки услови:***
  -температура;
  -брзина на ветер:
  -стабилност на воздух;
  -карактер на топлотна инверзија.
  - ***Изведувачки норми и неопходна стручно-техничка подршка:***
  - Овластени професионални екипи составена од медицински техничари под надзор и контрола на доктор специјали Епидемиолог, со сертификати и предходно искуство во спроведување на вакви операции.
  - функционална состојба на уредите: најмалку два професионални УЛВ аеросолни распрскувачи за ладно третирање и рачни распрскувачи.
  - дозирање на препарат: согласно декларацијата И препораките на производителот,
  - големина и густина на капки при изведувањето: 10-20 микрони(УЛВ) ;
  - маршрута: предходно утврдена спрема мапата и локалитетите.
  - брзина на движење при апликација: 10 до 20 км/час.

5. *Успешност на Програмот:*

Оценката на успешноста подразбира:
- оценка на ефикасноста и
- оценка на безбедноста на третманот што е изведен.

Оценката ја даваат нарачателот на услугата и стручен тим на изведувачот.

6. *Водење на документација:*

Евидентирање на горенаведените активности на Програмот за сузбивање на комарците:
- Периодични, после секој изведен третман;

- Годишен извештај до Советот и Градоначалникот за спроведените активности.

Заклучок:

Согласно препораките доставени во горенаведените документи и законската регулатива од оваа област може да се констатира следното:

- **Глобалното затоплување, климатските промени** во смисол на неколку последователни благи и топли зими, **големиот дел поплавени површини во непосредна близина на градот** во изминатите години, како и појавата на вируси кои предизвикуваат **појава на тропски и сутропски заболувања** неспецифични за овие региони налагаат превземање на мерки за контрола на болести кои ги пренесуваат комарци и други вектори.
- **Навременото, рационално и континуирано** преземање на мерки за темелно следење и контрола на дистрибуцијата на векторските организми е неопходно за заштита на здравјето на населението и спречување на болести кои се пренесуваат преку вектори;

Спроведувањето на активностите согласно утврдена динамика, во смисол на ларвицидна дезинсекција и адултицидна теристичка дезинсекција (во неколку фази) е единствено позната и научно потврдена превентивна мерка.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на средства за одбележување на празникот на општината-30 март

1.Објавувам Одлука за одобрување на средства за одбележување на празникот на општината-30 март, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-301/5
18.03.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„„Службен весник на РМ„ бр.05/2002 , член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14-03-2019 година донесе

О Д Л У К А
за одобрување на средства за одбележување на празникот на општината-30 март

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства за одбележување на празникот на општината-30 март

Член 2

Средствата од член 1 на ова Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-281/8
14.03.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за формирање на комисија за одбележување на денот на општината

1.Објавувам Одлука за формирање на комисија за одбележување на денот на општината, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-301/6
18.03.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на РМ„ бр.05/2002) , член 25 , член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14-03-2019 година донесе

О Д Л У К А
За формирање на комисија за одбележување на денот на општината

Член 1

Се формира комисија за одбележување на празникот на општина Новаци„ 30 Март, сосотавена од 3 члена и тоа:

1.Наумче Смилевски
2.Александар Канзуровски
3. Јове Каранфиловски

Член 2

Задача на комисијата е да го организира настанот (изработи покани за гости, набавка на прехрамбени производи и пијалоци).

Член 3

Мандатот на комисијата трае една година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во Службен гласник на општина Новаци.

Бр.14-281/9
14.03.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-301/7
18.03.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56 од 15.04.2011 година), Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 14.03.2019 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект индивидуална семејна зграда бр. 1 изградена на КП бр. 400/2 КО Добромири и објект бр. 1 изграден на КП бр. 400/7 КО Добромири, опишани во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , изработен од ДООЕЛ Гео Ленд Битола бр. 0804-508/3-16 од 06.07.2016 година, во идната урбанистичко-планска документација за село Добромири , по барање на **Трајчевски Аце од с. Добромири , со бр. 09-26 од 11.02.2016 година .**

Член 2

За с. Добромири Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-281/10
14.03.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-301/8
18.03.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56 од 15.04.2011 година), Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 14.03.2019 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект индивидуална семејна зграда бр. 1 изградена на КП бр. 400/2 КО Добромири опишани во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , и помошен објект бр. 1 изграден на КП бр. 400/5 КО Добромири, изработен од ДООЕЛ Гео Ленд Битола бр. 0804-507/3-16 од 01,07,2016 година, во идната урбанистичко-планска документација за село Добромири , по барање на **Трајчевски Горјанче од с. Добромири , со бр. 09-29 од 11.02.2016 година .**

Член 2

За с. Добромири Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-281/11
14.03.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-301/9
18.03.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. . 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 65/15, 217/15, 52/16), Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 14.03.2019 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект индивидуална семејна **зграда бр. 6 индивидуална семејна куќа бр. 1** опишана во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , изработен од ДООЕЛ ITера геодетв Битола бр. 08-532/5-18 од 27.12.2018 година на **КП 496 КО Добромири** во идната урбанистичко-планска документација за село Добромири , по барање на **Верка Ѓорѓиевска од с. Добромири, ул. 1 бб , со бр. 09-122 од 27.12.2018 година.**

Член 2

За с. Добромири, Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-281/12
14.03.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-301/10
18.03.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. . 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 65/15, 217/15, 52/16), Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 14.03.2019 година ја донесе следната

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект **индивидуална куќа со бр. 4** кои се наоѓаат на **КП бр. 543/1 КО Добромири**, запишани во **Имотен Лист бр. 374 препис** а опишани во Геодетскиот елаборат за посебни намени за утврдување на фактичка состојба на бесправно изградени објекти со имотен лист за земјиштето на кое се изградени бесправните објекти, ***Дел. Бр. 0804-1386/3-18 од 25.12.2018 изработен од ДООЕЛ „Геоленд„ - Битола*** во идната урбанистичко-планска документација за село Добромири , по барање на **Менде Велјановски од с.Добромири, со барање бр.УП1 09-117 од 26.12.2018 година .**

Член 2

За с. Добромири Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-281/13
14.03.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-301/11
18.03.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15, 52/16), Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 14.03.2019 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект бр.5 индивидуална куќа опишана во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект изработен од ДООЕЛ Нова 2006 со бр. 08-513/3 од 26,02,2018 година, изградена на **КП 229 КО Далбеговци** во идната урбанистичко-планска документација за село Далбеговци , по барање на **Златко Стојчевски од с. Далбеговци , со бр.Уп1 09- 10 од 02,03,2018 година.**

Член 2

За с. Далбеговци Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-281/14
14.03.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-301/12
18.03.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15, 52/16), Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 14.03.2019 година да ја донесе следната

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект бр.1 индивидуална куќа опишана во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект изработен од ДООЕЛ Нова 2006 со бр. 08-501/3 од 26,02,2018 година, изградена на **КП 228 КО Далбеговци** во идната урбанистичко-планска документација за село Далбеговци , по барање на **Љупчо Стојчевски од с. Далбеговци , со бр.Уп1 09- 11 од 02,03,2018 година.**

Член 2

За с. Далбеговци Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-281/15
14.03.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-301/13
18.03.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. . 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 65/15, 217/15, 52/16), Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 14.03.2019 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект индивидуална семејна зграда бр. 3 опишана во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , изработен од I Гео јисв ДОО Битола бр.08-22/3 од 05.02.2018 година на **КП 333 КО Бач** во идната урбанистичко-планска документација за село Бач, по барање на **Ило Мицевски од Бач, ул. 1 бб , со бр. 009-УП-55 од 14.03.2016 година .**

Член 2

За с. Бач Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-281/16
14.03.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на средства за престојување на гостите од Република Франција

1.Објавувам Одлука за одобрување на средства за престојување на гостите од Република Франција, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-301/14
18.03.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02), а согласно член 46 и член 21 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.5/02), Советот на општина Новаци на Седницата одржана на ден 14-03-2019 година донесе

О Д Л У К А
за одобрување на средства за престојување на гостите од Република Франција

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства за престојување на гостите од Република Франција (превоз, хотелско сместување, исхрана и други услуги).

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-281/17
14.03.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Заклучок за усвојување на Пописна листа
за расход и отуѓување 2019 година

1.Објавувам Заклучок за усвојување на Пописна листа за расход и отуѓување 2019 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-301/15
18.03.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„„Службен весник на РМ„ бр.05/2002 , член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14-03-2019 година го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Пописна листа за расход и отуѓување 2019 година

1.Се усвојува Пописна листа бр.1 за расход и отуѓување 2019 година(бр.01-192/3 од 11.03.2019година без реден број 9),

2.Овој Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-281/18
14.03.2019 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Измени и Дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новациза 2019година

1.Објавувам Измени и Дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новациза 2019година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-301/16
18.03.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 22, став 1, точка 1, од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци,, бр. 5/02) а во согласност со член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.199/14, 44/15 193/2015, 31/2016, 163/2016, 90/2017, 64/2018 и 168/2018), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.03.2019 година донесе:

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци

за 2019година –

1, Имајќи ја во предвид прифатената Иницијатива поднесена од барателот доо. Солар ват Битола од страна на Комисијата за урбанизам при Општина Новаци се предлага Програмата за изработка на урбанистички планови на територија на Општина Новаци за 2019 година да се дополни со:

- **ЛУПД со намена Е2 за изградба на фотоволтаична централа на КП 222/37 КО Добромири, Општина Новаци**

2, Инвеститорот дооел. Фимото Битола го повлече барањето за Архитектонско урбанистички проект за изградба на ф-ка за производство на цо2, минерална вода и екстракти од треви и билки за КП бр. 876 и дел од КП 877, м.в. делови, Општина Новаци, и поднесе Иницијатива за одобрување на АУП за формирање на градежни парцели. Согласно прифатената Иницијатива од страна на Комисијата за урбанизам при Општина Новаци се предлага да се направи соодветна измена и во Програмата за изработка на урбанистички планови на територија на Општина Новаци за 2019 година да се внесе:

- **АУП за формирање на градежни парцели со намена Г2 за изградба на фабрика за производство на СО2, минерална вода и екстракти од треви и билки за КП бр.876 и КП бр.877/4 КО Новаци, согласно УПВНМ за фабрика за производство на на СО2 и екстракти од треви билки за градежна парцела бр.1, Општина Новаци**

наместо за Архитектонско урбанистички проект за изградба на ф-ка за производство на цо2, минерална вода и екстракти од треви и билки за КП бр. 876 и дел од КП 877, м.в. делови, Општина Новаци

ВОВЕД

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина, преку која се овозможува и отворање на нови локации за: домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство, дистрибуција и сервиси и зеленило и рекреација.

Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на Урбанистички планови за село
- Изработка на урбанистичко планска документација
- Локална урбанистичка планска документација
- Проекти за инфраструктура
- Архитектонско урбанистички проект

ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на годишната програма за изработка на плановите, општината (нарачателот на планот) склучува договор со овластена организација за изработка на урбанистички планови. Со договорот се утврдува содржината на планот (програма), роковите за изработка, начинот на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изработувачот на планот.
Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со:

- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште
- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште и од самофинансирање на од заинтересирани правни и физички лица
- Самофинансирање од правни и физички лица
- Агенција за финансиска подршка на земјоделието и рурален развој
- Средства од утврдување на правен статус на бесправни градби
- Буџет на Општина Новаци и други извори

За 2019 година се предлага изработка на следните планови:

<u>УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА</u>

1. Урбанистичко планска документација за изградба на автокамп
2. Урбанистичко планска документација за изградба на туристичка развојна зона

<u>ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА</u>

1. ЛУПД за изградба на Индустриска зона со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија на дел од КП 1394/1 КО Новаци, с. Новаци
2. ЛУПД за изградба на намена Д3 – спорт и рекреација на КП 486 и дел од КП 487 КО Скочивир
3. Локална урбанистичка планска документација (со намена А1 – домување во станбени куќи, на дел од КП 2876/3 КО Градешница, Општина Новаци (согласно член 46 став 3 од ЗПУП)

4, ЛУПД со намена Е2 за изградба на фотоволтаична централа на КП 222/37 КО Добромири, Општина Новаци

ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

1. Проект за инфраструктура за изградба на цевковод за водоснабдување на с. Живојно и с. Добровени
2. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Добромири
3. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Рибарци
4. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Гермијан
5. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за село Бач
6. Проект за инфраструктура за изградба на систем за наводнување со придружни објекти на река Елешка, КО Гермијан, Општина Новаци
7. Проект за инфраструктура за изведба на сообраќаен приклучок на улица дел од регионалниот пат Р 1311, КО Новаци, со цел да се дефинира сообраќајниот пристап до парцелата.
8. Проект за инфраструктура за изградба на локален пат рег. пат Р511 – крстосница с. Старавина – с. Будимирци до манастир Св. Атанас.
9. Проект за инфраструктура за изградба на локален пат врска ОП 102 с. Тепавци
10. Проект за инфраструктура за изградба на локален пат ОП 114 врска крстосница с. Старавина - Р-1311 до с. Будимирци.

АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

1, АУП за формирање на градежни парцели со намена Г2 за изградба на фабрика за производство на CO2, минерална вода и екстракти од треви и билки за КП бр.876 и КП бр.877/4 КО Новаци, согласно УПВНМ за фабрика за производство на на CO2 и екстракти од треви билки за градежна парцела бр.1, Општина Новаци

2, АУП за формирање на градежна парцела на дел од КП 1394/1 КО Новаци за намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, согласно Општ акт за с.Новаци (Одлука бр.07-838/15 од 27.10.2014), Општина Новаци, (опфат 1-3 ха)

3, АУП за формирање на градежни парцели на дел од КП 1394/1 и др. КО Новаци за намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, согласно ЛУПД за изградба на индустриска зона со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија КО Новаци вон г.р. дел од КП 1394/1, КП 1394/2, КП 1394/3, КП 1394/4, КП 1394/5, КП 1394/6, КП 1394/7 и КП 1394/8, Општина Новаци (опфат приближно 16ха),

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. УПС за село Добромири
2. УПС за село Бач
3. УПС за село Далбеговци
4. УПС за село Горно Агларци
5. УПС за село Долно Агларци

6. УПС за село Новаци
7. УПС за село Гермијан
8. УПС за село Живојно
9. УПС за село Рибарци

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Пред склучување на договорот со изготвувачот на планот, потребно е да му се достави Проектна програма која ќе ги содржи сите програмски насоки, потреби и функции, кои планот треба да ги содржи. Ова е со цел да се добијат квалитетни планови, истовремено и планови кои несметано ќе се реализираат.
Цената на плановите се пресметува по хектар од испланираната површина, по договор со правниот субјект – фирмата регистрирана за изработка на урбанистички планови, по пат на јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки.
Во зависност од потребите, оваа програма може да се изменува и дополнува, со претходна согласност на Советот на Општина Новаци.
Оваа програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на Општина Новаци.

Совет на Општина Новаци
Претседател

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Програма за дополнување на Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на општина Новаци

1.Објавувам Програма за дополнување на Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-301/17
18.03.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36 став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„) во согласност со членовите 26,27,28,29 и член 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр.149/14;149/15 и 53/16), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14-03-2019 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за дополнување на Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на општина Новаци

Член 1

Во Предлог-Програмата за дополнување на Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на општина Новаци,бр.14-123/34 од 30-01-2019 година, се врши следното дополнување:

ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдуваат активностите и третирањето на бездомни кучиња – скитници, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирање.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во Општина Новаци.

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на Програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се преземат на територијата на Општина Новаци за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојба на животните.

ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на Програмата е определување на мерки и активности што треба да се преземат во 2019 година за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња.

Активности за хумано третирање на бездомни кучиња – скитници на територијата на Општина Новаци ќе опфатат:

- Заловување на кучињата
- Транспорт до прифатилиште
- Прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина
- Лабораториско испитување на заразни болести, согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза
- Ветеринарно медицински третман на кучињата
- Постоперативно сместување и нега
- Вакцинација и дехелментација

- Обележување со микро – чип
- Враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата
- Еутаназија на кучињата, согласно прописите од областа на ветеринарното здравство
- Едукација и подигнување на јавната свест кај населението

ПРЕСТОЈ ВО ПРИФАТИЛИШТЕ, ВЕТЕРИНАРНО МЕДИЦИНСКИ ТРЕТМАН И ПОНАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ СО ТРЕТИРАНИТЕ КУЧИЊА

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на доктор по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Еутаназија се врши:

- Во согласност со важечките законски прописи и наредби
- Кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза , тешко повредени животни и животни кои видливо страдаат или се стари и изнемоштени
- Кога кучињата претставуваат опасност кон луѓето и други животни
- Кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можноста за вдомување

Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство за ветеринарно – медицински третман на бездомните кучиња од прифатилиштето за што треба да се поседува валиден склучен договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштето доколку го поседува.

Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат – стерилизираат. По завршената операција и постоперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето, односно во делот за престој каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно – хигиенските прописи: боксовите редовно се чистат, се врши нивна дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор.

Изведувачот на Програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена јама на соодветна депонија, а исто така се собираат и транспортираат фекалиите и отпадот од прифатилиштето.

Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средства против ендопаразити и ектопаразити.

Третираните кучиња обележани со микро чип се враќаат на реонот на заловување или се вдомуваат. Вдомените кучиња се регистрираат во ветеринарно информативен систем. Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

ЕДУКАЦИЈА И ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Изведувачот на програмата е должен да обезбеди комуникација со граѓаните преку различни форми, да спроведува едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомните кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучињата.

ФИНАНСИРАЊЕ И ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

	Спецификација	
	1.Заловување, транспорт, идентификација и евиденција	
1.	Заловување на бездомни кучиња	**15.000 ден**
2.	Идентификација и евиденција	**10.000 ден**
3.	Транспорт до прифатилиште	**10.000 ден**
4.	Карантински престој	**10.000 ден**
5.	Престој во прифатилиште	**20.000 ден**
	2.Медицински третман на кучињата	
1.	Лабараториско испитување	**20.000 ден**
2.	Стерелизација и кастрација	**20.000 ден**
3.	Постоперативно сместување и нега	**5.000 ден**
4.	Еутаназија	**15.000 ден**
	Тековно одржување на прифатилиштето	
1.	Обезбедување на храна, лекови и средства за	**15.000 ден**

	дезинфекција	
2.	Комунални трошоци	**10.000 ден**
3.	Ангажиран персонал	**30.000 ден**
4.	Непредвидени трошоци	**10.000 ден**
5.	Организирање на јавни настани и манифестации	**10.000 ден**
	ВКУПНО:	**200.000 ден**

Средствата за реализација на активностите, во износ од 200.000,00 денари ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Новаци за 2019 година, ќе бидат заловени околу 50 кучиња од с.Новаци и с.Добромири.

Контролите во однос на одговорно сопственишто на домашните миленици ќе го врши Оделението за инспекциски надзор во општина Новаци

ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе ја реализира правно лице кое општината ќе го избере на јавен повик и кој ги исполнува условите за изведување на активности согласно Закон.

За спроведените активности согласно Програмата, изведувачот е должен да поднесе извештај до Советот на Општина Новаци.

Доколку на јавниот повик не се јави изведувач на програмата, Општина Новаци е должна договорно да ангажира 2 (двајца) лиценцирани заловувачи, како и фирма која ќе изврши транспорт на заловените кучиња до институцијата во која треба да се изврши третирање на заловените кучиња – скитници.

Член 2

Оваа Дополнување на Програма влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Новаци.

Совет на Општина Новаци

Претседател

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Новаци за период 2019 - 2020 година

1.Објавувам План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Новаци за период 2019 Ѣ 2020 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.03.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-301/17
18.03.2019 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член член 36 став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„) во согласност со член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Р.М“ бр.149/14, 149/15 и 53/16), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14-03-2019 година донесе

ПЛАН
за контрола на популацијата на бездомни кучиња
на територијата на Општина Новаци
за период 2019 – 2020 година

1. ВОВЕД

Две годишниот план за решавање на проблемот со бездомните животни – третман на бездомните кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, се базира на одредбите содржани во членовите 26, 27, 28, 29 и член 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен ввесник на РМ„ бр. 149/14; 149/15; 53/16) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

Со овој План се утврдува стратегијата, активностите за третирање на бездомните животни, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето, за планиран период од 2 години односно од 2019 – 2020 година, за кој период сметаме дека ќе успееме во обврската да ја ставиме под контрола популацијата на кучињата на територијата на нашата Општина.

За решавање на проблемот поврзан со зголемено присуство на бездомните животнии, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација, како единствено ефикасен и одржлив е препорачан хуманиот начин на третирање на овие животни, т.е. нивната масовна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени, што ќе се уредува со носење на Годишни програми и дополнувања во Одлуката за комунален ред на Општина Новаци.

Поточно, со Планот и годишните програми се предвидува заловување и масовна стерилизација/кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија. По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинација на животните истите се враќаат на територијата од којашто биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект препорачливо е 70% од кучињата во одредено географско подрачје да се стерилизираат/кастрираат во рок од 6 месеци. Со 75% стерелизирани/кастрирани единки, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа. По стерилизација/кастрација сите животни ќе се вакцинираат, ќе се обележат (ушна маркичка или чип), ќе се фотографираат и регистрираат.

2. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Општина Новаци како основен носител на Планот и Годишните програми и релевантен субјект во решавање на проблемот со бездомните животни на својата територија, ќе се раководи од следните принципи:

2.1. Принцип на континуитет – Повеќегодишиот План ќе се остварува со донесување и реализација на годишните програми, со градење на стратегија и ќе се надоврзува на останати проекти кои се претходно направени, усвоени и преименувани во оваа област (или алтернативно кои ќе бидат направени).

2.2. Универзален принцип – со Планот се предвидува повеќегодишно сеопфатно третирање и надминување/решавање на проблемите во врска со чувањето на животни од неодговорен однос кон животните, нивно неадекватно чување и неконтролирано размножување, како и напуштање и занемарување, проблеми кои се во најголема мерка главен причинител за зголемување бројот на напуштени животни. Од тие причини клучно е да се превземат мерки кои ќе резултираат со зголемување на одговорноста на сопствениците на животни.

Комуналната инспекциска служба ќе врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните, согласно дополнувањето на Одлуката за комунален ред. Од овие причини неопходно е да се изврши и дополнување на Одлуката за комунален ред на подрачјето на Општина Новаци, со кое ќе се уреди:

- Обврската за идентификација и регистрација на домашни миленици,
- Нивна заштита од суровост и занемарување, начин на сместување и чување под соодветни услови за секој вид на куче во сопствената дворна површина,
- Ќе се забрани непречено размножување на сопствените кучиња, освен во услови на регистрирана одгледувачница и
- Да се предвидат санкции за напуштање на миленик.

Општина Новаци во соработка со локалните образовни и социјални институции ќе ги запознава најмладите категории на граѓани со етички и законски обврски на сопствениците на миленици, преку едукативни предавања.

2.3. Принцип на одржливост – Планот воспоставува систем за контрола и со самото тоа намалување на популацијата на бездомни кучиња од населението во општината, со што трајно ќе се реши овој проблем, односно ќе има постојана контрола на него.

Обрзованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирањето на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните и одговорен однос кон животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни, да се вклучат сите категории на граѓани (возрасни, млади и деца), со вклучување на сите релевантни чинители (на пример училиштата и медиумите), како и луѓето кои работат со животни. Главни аспекти се однесуваат на следново:

- Да се воведе концептот на одговорно сопственишство, важноста од стерилизција, вакцинација, идентификација и регистрација;
- Да се поттикнат сопствениците да се стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;
- Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји;
- Да се промовира одговорна грижа за „маалските - бездомни кучиња;
- Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошки и етиолошки потреби на милениците;
- Да се поттикни волонтерството во прифалиштата за кучиња и одговорното вдомување;
- Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;
- Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;
- Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифалиштата, така и на улиците).

2.5.Принцип на соработка – Планот се реализира преку заеднички напори и соработка на релевантните државни и локални власти, ветеринарни организации, комуналните претпријатија и пред се здруженијата за заштита на животни.

3. ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ

Главна цел на Планот на контрола над популацијата на бездомните кучиња во Општина Новаци, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здраствена заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:

1) Спроведување на стратегијата „залови – стерилизирај – вакцинирај – врати на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица и
2) Комплементарност со друг вид мерки предвидени во рамки на Одлука за комунален ред и/или друг вид правни акти во надлежност на општината, со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашни миленици (забрана за неконтролирано размножување на миленициите освен во услови дефинирани со Законот за заштита и благопсостојба на животните и забрана за нивно напуштање).

Со спроведувањето на две годишниот план се воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што ќе се избегнат непријатностите и потешките последици за граѓаните и самите животни.

Контролата на популацијата на бездомните кучиња првенствено се постигнува со стерилизацијата/кастрацијата, вакцинација, обележување и повторно враќање на животните на територијата од која што биле заловени, и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Со тоа се превенираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегува нехумано усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните – кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хорманален статус на животните, случаите на каснувања опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и здрави. Се воспоставува контрола на теренот при што се исклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат. Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за долготрајни стационирање на животните во прифатилиштата.

Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопственишство и примена на системска стерилзација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно.

Залови – стерилизирај – вакцинирај – врати,, е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската Здравствена Организација.

Напорен сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучиња од страна на нивните сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање животни (трајно обележување чипови и регистрација на сопствениците на кучињата, едукација на сопствениците, казнување за неодговорните сопствениците).

4. ПРЕДМЕТ НА ПЛАНОТ

Предмет на Планот е определување на мерки и активности што треба да се превземат во период од 2019 и 2020 година за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња.

Активностите за хумано третирање на бездомните кучиња-скитници на територијата на Општина Новаци подразбираат:

- Заловување на кучињата,
- Транспорт до прифатилиште,
- Прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина,
- Лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза,
- Ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија,
- Постоперативно сместување и нега,
- Вакцинација и дехелментација,
- Идентификација и водење евиденција,
- Враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата,
- Еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното здравство,
- Едукација и подигнување на јавната свесткај населението.

4.1. Заловување и транспорт

Процесот на заловување на бездомните кучиња претставува првата активност која е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањето, однесувањето на персоналот кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика за целата активност, но од друга страна, некоректно сработено, може да ги траумира животните, изложи на физичка и психолошка болка, а последователно и да предизвика многу несакани реакции од лицата во непосредна околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи. Заради тоа, изборот на персоналот треба да биде соодветен на самата процедура, лицата треба да бидат обучувани и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување, но пред се да не се чувствуваат анимозитет и прерасуди кон бездомните кучиња, како и да се способни да контактираат со луѓето на начин кој нема да ја компромитира акцијата.

Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни треба да се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамки и мрежи за заловување, пушка (сафари) за привремено успивање со средство за времена парализа – успивање, корпи – кафези за транспорт, околувратници и водилки. На лице место се врши теренска идентификација на посебни обрасци за евиденција и идентификација – секое заловено куче веднаш се евидентира, се заведуваат податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.

Транспорт од местото на заловување до прифатилиште, се врши со специјално возило опремено со соодвена опрема за сместување на животните.

4.2. Престој во прифатилиште, ветеринарно медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња.

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија. Прифалиштето треба да обезбедува елементарни услови за спроведување на соодветни мерки и персонал за ефикасна заштита на животните, редовно хранење и напојување и доколку е потребно лекување на животните.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на догкторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловени кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Медицински третман на здрави кучиња ќе се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенција за храна и ветеринарство за ветеринарно медицински третман на бездомните кучиња од прифатиштето, за што треба да се поседува валиден склучен договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифалиштето доколку го поседува. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизираат. По завршената операција и пост оперативно опоравување животните се враќаат назад во прифалиштето, односно во делот за престој во прифатилиштето каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно да се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Изведувачот на програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија, а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштата.

Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат ,со средство против ендопаразити и ектопаразити. Третираните кучиња и обележани со микрочип се враќаат во реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените се регистрираат во ветеринарно информативен систем. Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

Еутаназија ќе се врши:

- Во согласност со важечките законските прописи и наредби,
- Кога животното е заболено од зараза или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго или со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни,
- Кога кучињата претставуваат опасност кон луѓето или другите животни и
- Кога кучињата поминувале минимум временски период за исцрпување на можноста за вдомување.

4.3 Едукација и подигнување на јавната свест кај населението

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Промовирање на разни форми на комуникација со граѓаните, спроведување едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, организирање акции и настани за вдомување на кучиња, се важен дел кој на подолг рок ќе го ограничи бројот на кучиња на улица и ќе овозможи одржливост на планските активности.

5. ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

Планот предвидува, согласно со финансиските можности на општината, интензитетот на заловување и третирање на бездомните кучиња на територија на општината Новаци, да изнесува околу 50 кучиња на годишно ниво, а капацитетот на сместување во прифатилиште да ги исполнува условите за сместување до 10 бездомни кучиња/месечно.

Согласно Планот, сите подетални активности ќе се предвидат во Годишни програми за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територија на Општина Новаци.

6. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите кои се предвидени во Планот, а ќе бидат подетално опишани во Годишните програми, ќе се финансираат од Буџетот на Општина Новаци за планираниот

период 2019-2020. Општина Новаци ќе врши трансфер на средства на изведувачот на програмите, избран на јавен повик.

За 2019 година Општина Новаци планира сума од 200.000,00 денари.

За 2020 година Општина Новаци планира сума од 200.000,00 денари.

7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Планот за контрола за популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Новаци, за период 2019-2020, ќе се применува по одобрување на истиот од Агенцијата за храна и ветеринарство на РМ и донесување од страна на Советот на општината.

Надзор над реализацијата на Планот ќе врши Одделението за инспекциски надзор во Општина Новаци.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1.Заклучок за објавување Завршна Сметка на буџетот на општина Новаци за 2018 година.

2. Заклучок за објавување Одлука за усвојување на Годишен извештај на Општина Новаци за 2018 година

3. Заклучок за објавување Одлука за усвојување на Финансиски извештај за финансиско работење на ОУ „Славко Лумбарковски„ Новаци за 2018 година

4. Заклучок за објавување Акционен План и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на општина Новаци за 2019 година.

5. Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства за одбележување на празникот на општината-30 март

6. Заклучок за објавување Одлука за формирање на комисија за одбележување на денот на општината

7. Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

8. Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

9. Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

10. Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

11. Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

12. Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

13. Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

14. Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства за престојување на гостите од Република Франција

15. Заклучок за објавување Заклучок за усвојување на Пописна листа за расход и отуѓување 2019 година

16. Заклучок за објавување Измени и Дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новациза 2019година

17. Заклучок за објавување Програма за дополнување на Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на општина Новаци

18. Заклучок за објавување План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Новаци за период 2019 - 2020 година

Издавач: Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци